Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 67-та седница одржана на ден __.08.2025 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност за формирање паралелки**
**со помал број на ученици и комбинирани паралелки**
**за учебната 2025/2026 година наш ООУ „Кирил и Методиј“ Велес**

1. Со ова Решение се дава согласност на ООУ„Кирил и Методиј“ Велес да формира паралелки со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година и тоа:

- 3 паралелки во прво одделение - Iа одделение со 15 ученици, Iб одделение со 15 ученици и Iв одделение со 15 ученици
- 1 паралелка во II а одделение со 19 ученици
- 3 паралелки во IV одделение - IVа одделение со 19 ученици, IVб одделение со 19 ученици и IVв одделение со 16 ученици
- 1 паралелка во Vв одделение со 16 ученици

Во подрачното училиште во село Црквино

- 1 комбинирана паралелка во I и III одделение со 11 ученици
- 1 паралелка во II одделение со 8 ученици
- 1 комбинирана паралелка IV и V одделение со 6 ученици.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Даниел Јаневски с.р

**Образложение**

До Општина Велес од страна на ООУ „Кирил и Методиј“ Велес доставено е барање за добивање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици и комбинирана паралелки во учебната 2025/2026 година. Една од комбинираните паралелки (II и III одделение) во подрачното училиште е  со 11 ученика.

Со оглед на тоа што бројот на запишани ученици е помал од законски Општина Велес се обрати со барање со арх.бр.08-3665/7 од 25.07.2025 година и Ургенција со арх.бр.08-3665/8 од 15.09.2025 година до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Сектор за основно образование, за добивање на позитивно мислење.

Согласно член 53 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25): „Паралелка може да се формира и со помалку од 20 ученици по добиена согласност од основачот“.

Врз основа на горенаведеното, а со оглед на тоа што бројот на запишани ученици е помал од законски предвидениот минимум за формирање на паралелка, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА ... МАКЕДОНИЈА
ОП... УЧИЛИШТЕ
СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр 03-456
16.7.2025 год.
ВЕЛЕС

Општинско основно училиште „Св. Кирил и Методиј“ Велес

До
Совет на Општина Велес

Предмет: Барање на согласност за паралелки

Согласно член 53 став 4 и 6 од Законот за основно образование ( Сл.весник на РСМ161/2019,229/20,3/25), ООУ„Св.Кирил и Методиј“ Велес Ви доставува барање за добивање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици.

Паралелки со помал број на ученици во центалното училиште:

| Паралелка | Број на ученици |
|---|---|
| Iа | 15 |
| Iб | 15 |
| Iв | 15 |

| Паралелка | Број на ученици |
|---|---|
| IIа | 19 |
| IVа | 19 |
| IVб | 19 |
| IVв | 16 |
| Vв | 16 |

Во подрачното училиште во с.Црквино има три паралелки:

1. Комбинирана паралелка I и III одделение, со вкупен број на 11 ученици и за истата бараме согласност, бидејќи според членот 53 став 12 од Законот за основно образование комбинираната паралелка може да има најмногу 10 ученика;
2. Паралелка II одделение, со вкупен број 8 ученици;
3. Комбинирана паралелка IV и V одделение, со вкупен број 6 ученици.

Директор

---------------------------
Маја Јовановска

Тел. 043 233 676 e-mail:ooukimveles@gmail.com Ул. „Архиепископ Михаил“ бр. 156 Велес